Бр. 17-825/4

Скопје, 24.03.2025 година

Врз основа на член 6, во врска со член 13 од Деловникот за работа на Комисијата за стручни стоматолошки прашања бр.02-1404/1 од 07.11.2018 година, а во врска и постапувајќи по Известување од Министерот за здравство во врска со Извештај од работата на Комисијата за вршење на надзор над законитоста на работата во вршењето на јавното овластување на Стоматолошката комора на Македонија бр. 17-2579/2 од 11.03.2025 година, Комисијата за стручни стоматолошки прашања, на својата седница одржана на ден 24.03.2025 година, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Решението број 17-780/2 од ден 26.06.2024 година, во став 2 од изреката во делот „и здруженија во состав на **Здружение СТОМАТОЛОШКО ДРУШТВО НА АЛБАНЦИТЕ Тетово** и **здруженијата** во состав на друштвото: Здружение на општи стоматолози Аполонија, Здружение на орални и максилофацијални хирурзи, Здружение на специјалисти по стоматолошка протетика, Здружение на педодонти, Здружение на имплантолози, Здружение на ортодонти, Здружение на пародонтолози и Здружение на ендодонти **се става вон сила.**

Во останатиот дел решението останува неизменето.

Решението стапува во сила веднаш.

Образложение

На ден 19.03. 2025 година до Стоматолошката комора на Македонија доставено е Известување од Министерот за здравство во врска со Извештај од работата на Комисијата за вршење на надзор над законитоста на работата во вршењето на јавното овластување на Стоматолошката комора на Македонија бр. 17-2579/2 од 11.03.2025 година со задолжувања. Постапувајќи по Известувањето а согласно образложението на Министерството за здравство дека здруженијата во состав на друштвата со оглед дека не се регистрирани во Централниот регистар и немаат сопствена активна сметка не можат да бидат спроведувачи на континуирано стручно усовршување се одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е **жалба** до Извршниот одбор на Комората, во **рок од 15 дена** по приемот на решението.

Решено во СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
бр. 17-825/4 од 24.03.2025 година

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА,
Комисија за стручни стоматолошки прашања
Заменик-претседател,
доц. д-р Денис Бафтијари

М.П.

ул „Балзакова“ бр. 32, Скопје
+389 (02) 3246 851/852
skm@skm.mk
www.skm.mk